


**Македонија како балкански „нарко-центар“ наместо медицинска, марихуана за црниот пазар, запленетите 40 тони од фирми блиски до Заев и Филипче**

Македонија во време на владеењето на СДС, Зоран Заев и Венко Филипче наместо строго контролирано производство на канабис за медицински цели, беше претворена во балкански нарко центар за шверц на марихуана на црниот пазар.

Последната заплена од околу 40 тони марихуана јасно покажува дека таканаречениот „медицински канабис“ бил само параван за организиран криминал и нелегална трговија со дрога. Овие количини се запленети од компании со лиценци за производство на канабис за медицински цели, токму оние лиценци кои беа издавани во време на Заев и Филипче.

Околу 70 проценти, односно околу 30 тони од запленетата марихуана, потекнуваат од фирмата „ЦБД Медплант“ од Ново Село, компанија која во јавноста се поврзува со лица блиски до СДС, Зоран Заев и Венко Филипче. Основач на фирмата е Христијан Котев, син на Тони Котев М’гчев, поранешен претседател на општинскиот одбор на СДС во

Ново Село и човек близок до Заев.

Лиценците за производство на канабис во тоа време не се издавале според јасни и строги критериуми, туку според партиска и лична блискост со СДС, Заев и Филипче.

Паничните реакции на Заев и Филипче по откривањето на случајот, дополнително ја потврдуваат нивната вмешаност.

Нервозата кај Заев паничните јавувања, објавите на социјалните мрежи и сомнителните движења на Филипче даваат дополнителен сомнеж. Сето тоа личи на гасење пожар а не на однесување на луѓе кои имаат чист образ.

Сите овие индиции укажуваат на сериозна поврзаност меѓу поранешната власт и криминалот со марихуана.

Јавното обвинителство темелно, целосно и неселективно да го истражи случајот. Како се издавале лиценците, кој стои зад компаниите, каде завршувала произведената марихуана и кој ја штител нелегалната трговија. Кој и колку профитирал?

Законот мора да важи за сите подеднакво. Јавноста очекува одговори, а институциите мора да покажат дека никој не е над законот. Законот мора да важи и за Заев и за Филипче и за нивните соработници. Одговорност мора да има.